EU SUPPORT FOR RULE OF LAW

ДОКУМЕНТ СО ПРЕПОРАКИ ЗА ПОЛИТИКИ

ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ РАБОТНИЦИ

Посигурна иднина: Зајакнување на превенцијата од родово базирано насилство преку професионална обука во Северна Македонија

Улога

Воспитно-образовните работници, вклучувајќи психолози, педагози, социјални работници и наставници, играат клучна улога како први даватели на одговор при родово базирано насилство (РБН) во училиштата. Тие често претставуваат прва точка за контакт за деца и адолесценти кои можеби доживуваат или сведочат насилство дома или во заедницата. Нивните одговорности вклучуваат препознавање на знаци на злоупотреба, обезбедување непосредна поддршка и утеха на жртвите и обезбедување на чувство на безбедност и слушнатост кај детето. Образовните работници, исто така, имаат клучна улога во пријавување на сомнителни случаи на РБН, насилство врз жени (НВЖ) и семејно насилство (СН) до надлежните институции, како што се центрите за социјална работа или полицијата, согласно законските обврски. Во Северна Македонија, раководниот и одговорен кадар во институциите што вршат дејности од областа на образованието е должен да пријави секое сознание за родово базирано насилство врз жени и семејно насилство во полициска станица или ЦСР. Редовни обуки и програми за подигнување на свеста кај образовниот кадар се клучни за овозможување ефективен и сензитивен одговор на случаи на РБН.

Дополнително, образовните работници треба да обезбедат иницијално советување и упатување, помагајќи ѝ на жртвата да пристапи до потребните ресурси, како што се социјална заштита, медицинска грижа или правна поддршка. Нивната способност за брза и емпатична реакција е суштинска за ублажување на непосредните последици од РБН и за обезбедување заштита и благосостојба на детето, како и на неговата/нејзината мајка. Поради тоа, овие професионалци треба да бидат обучени да препознаат знаци на вознемиреност, за да можат да интервенираат во ситуации кога децата се премногу исплашени или неспособни самите да побараат помош. Со создавање безбедна средина во училиштето, образовните работници им помагаат на децата да се чувствуваат ценето и заштитено. Овој пристап ја става во фокус потребата на детето за безбедно и негувателно опкружување, ослободено од насилство кое инаку може да ја обележи нивната секојдневна реалност.

Финансирано од Европска Унија

ЕУ со ТЕБЕ

Вовед и контекст

Родово базираното насилство (РБН), вклучувајќи го насилството врз жени (НВЖ) и семејното насилство (СН), претставува сериозен и траен општествен проблем во Северна Македонија, длабоко вкоренет во патријархалните норми, нееднаквите односи на моќ и родовите стереотипи. И покрај постојното законодавство и усогласувањето со Истанбулската конвенција, предизвици остануваат во имплементацијата на законите, недоволната институционална координација и ограничените капацитети за превенција и заштита.

РБН и понатаму е широко распространето во Северна Македонија. Речиси половина од жените (45%) имаат доживеано некој облик на насилство од интимен партнер – било физичко, сексуално или психолошко – по 15-годишна возраст. (ОБСЕ, 2019)

Внатрешни податоци собрани од 30-те Центри за социјална работа од страна на Министерството за социјална политика, демографија и млади (МСПДМ) покажуваат континуиран пораст на пријавени случаи на РБН и СН во периодот од 2022 до 2024 година. Психолошкото насилство останува најчесто пријавуваниот облик, зголемувајќи се од 1.051 случаи во 2022 на 1.492 во 2024 година.

Физичкото насилство исто така бележи постојан пораст, со 846 пријавени случаи во 2022 година, 944 случаи во 2023 година и достигнувајќи 951 случај во 2024 година.

Иако поретко пријавувано, економското насилство е во пораст – од 25 случаи во 2022 на 36 во 2024 година.

Според податоците од МВР, случаите на силување се зголемиле од 18 во 2022 на 33 во 2023 година и 31 во 2024.

Случаите на телесна повреда и понатаму доминираат во контекстот на семејното насилство, со повеќе од 650 кривични дела регистрирани секоја година.

Бројот на фемициди — кој се движи од 3 до 7 годишно — е загрижувачки, особено во контекст на земја со население од само 1,8 милиони жители.

Истражувањето спроведено од ОБСЕ (2019) покажа дека **само 2%** од жените во Северна Македонија кои доживеале родово базирано насилство го пријавиле на полицијата инцидентот што тие го сметаат за најсериозен

Истражувањето за родово базирано насилство на ЕУ (2024), кое ги опфаќа сите 27 земји членки, покажува дека 21% од жените кои доживеале физичко насилство, закани и/или сексуално насилство во некој период од животот побарале поддршка од здравствена или социјална служба додека 14% од нив го пријавиле инцидентот во полиција.



Обем на истражувањето

Истражувањето имаше за цел да одговори на следното главно прашање: *„Како може да се унапреди превенцијата на родово базираното насилство во Северна Македонија преку обука на професионалци/први одговорни лица?“*

Истражувањето користи комбиниран методолошки пристап кој вклучува преглед и анализа на релевантна литература и законски документи, како и квалитативни податоци собрани преку интервјуа и онлајн прашалници со професионалци и први одговорни лица. Истражувањето беше спроведено во периодот ноември 2024 – април 2025 година. Собраните податоци се фокусираат на превентивните мерки, конкретно обуките за професионалци и првите одговорни лица, кои беа реализирани од јануари 2021 до декември 2024 година.

ОПФАТ - Вкупно 106 стручни соработници за психолошка и педагошка поддршка од основни и средни училишта од 46 општини низ Северна Македонија учествуваа во истражувањето. Оваа група, претежно составена од педагози и психолози, претставува разновидна и искусна група на училишни професионалци, од кои поголемиот дел имаат завршено дипломски или магистерски студии и повеќе од 10 години работно искуство. Дополнително, интервјуа беа спроведени со претставнички/ци од граѓанските и интернационалните организации, како и со три претставнички од Бирото за развој на образованието (БРО).

Клучни Наоди - Воспитно-Образовни Работници

Во периодот од 2021 до 2024 година, беа евидентирани бројни обуки за образовни професионалци — наставници, психолози, педагози и друг училишен кадар — со фокус на РБН, родова еднаквост, врсничко насилство и заштита на деца. Обуките биле дел акредитирани, дел неакредитирани, опфаќајќи разновидни теми и организирани од различни институции, вклучувајќи го БРО, граѓански организации и меѓународни актери.

Клучни теми што биле опфатени:

- **Родова еднаквост и родова сензитивност:** Акредитирани обуки од БРО опфатиле 46 наставници, обезбедувајќи основно разбирање за родови улоги, стереотипи и дизајн на инклузивни наставни програми.
- **Превенција на врсничко и сајбер насилство:** 2.657 наставници беа обучени за справување со врсничко и сајбер насилство со фокус на интервенција и превенција.
- **Решавање конфликти и социо-емоционални вештини:** Над 4.000 наставници беа обучени за решавање конфликти, градење самодоверба кај ученици и развој на емоционална отпорност.
- **Превенција на насилство и безбедна училишна средина:** Неколку акредитирани програми (на пр., за 2.925 средношколски наставници) се фокусираа на превенција и рана интервенција.
- **Соработка меѓу семејството и училиштето за превенција од насилство**: Обука за 605 стручни работници нагласи важноста на соработка меѓу родители и училишта.
- **Превенција на трговија со луѓе:** Неакредитирана обука за 50 професионалци (поддржана од Советот на Европа и ЕУ) се фокусираше на идентификација и поддршка на деца во ризик.

- **Специфични обуки за РБН:** Коалиција Маргини и БРО спроведоа структуирана едукација за РБН за околу 83 училишни кадри, вклучувајќи го и Правилникот од 2020 за постапување при случаи на насилство во училиштата. Обуките опфатија теми како пол, род, РБН, родов идентитет, процедури за упатување и сензибилизација.
- **Препознавање на семејно насилство врз деца:** Обука за 30 професионалци им помогна на градинките и училиштата да препознаат знаци на семејно насилство и да се снајдат во системот за заштита на деца.

Идентификувани јазови и ограничувања:

- Ограничен опфат на обуки за родова еднаквост: Иако илјадници наставници беа обучени за превенција на насилство воопшто, само мал број (46) добија конкретна обука за родова еднаквост и сензитивност.
- Недоволни специфични обуки за РБН: И покрај напорите на граѓанскиот сектор, обуките за РБН остануваат ограничени по обем и главно се насочени кон основните училишта.
- Неконзистентна интеграција на пристап базиран на човекови права и интерсекционалност: Многу обуки не ги опфаќаат доволно темите како грижа базирана на разбирање на траума, интерсекционалност и професионални предрасуди.
- Недостаток од обуки за наставници за превенција на РБН кај ученици: Недостасуваат напори за изградба на капацитети на наставниот кадар да едуцира ученици за спречување на РБН.
- Недостиг на институционални наставни програми за превенција и заштита од РБН: Не постои сеопфатна програма вградена во образовните институции што ќе ги води професионалците во превенција и заштита од РБН.

Јазови во перцепцијата на одговорностите

- Иако повеќе од половина од испитаниците препознале одговорности во превенцијата, пријавувањето на сомнежи и заштитата на деца, нешто помалку од двајца од десет испитаници сметаат дека нивна должност е директно да реагираат на случаи на РБН/СН.
- Речиси никој од испитаниците не препознал реинтеграција на жртви, реинтеграција на сторители или препознавање на економските аспекти на насилството како нивна одговорност.

Ставови и перцепции за родова еднаквост и родово базирано насилство

- Испитаниците во голема мера ги отфрлија штетните стереотипи и митови за насилството, покажувајќи силна поддршка за родова еднаквост и чувствителност кон жртвите.
- Сепак, мал дел сè уште имаше проблематични убедувања — некои покажаа толеранција кон традиционални родови улоги, обвинување на жртвата или погрешни разбирања за сторителите.
- Секој петти испитаник не ја препознава целосно својата законска обврска за задолжително пријавување на РБН.

Јазови помеѓу правната рамка и практичната имплементација

Во образовниот сектор, и покрај тоа што законската рамка им доделува важна улога на психолозите и педагозите како први даватели на одговор при РБН, праксата укажува на значителни јазови во имплементацијата. Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство ги обврзува сите вработени во образовните институции да пријават сомнеж или сознание за насилство, а соодветни протоколи се веќе усвоени на национално ниво. Сепак, резултатите од истражувањето покажуваат дека само мал дел од психолошко-педагошкиот кадар препознава дека имаат директна улога во одговорот на случаи на РБН или СН, а дел од нив не се целосно запознаени со законската обврска за пријавување.

Дополнително, постои недоволна запознаеност со внатрешните протоколи и насоки за постапување, што упатува на недостиг од систематизирани, континуирани и задолжителни обуки. Образовниот кадар сè уште нема соодветна поддршка за рано препознавање на знаци на насилство, ниту алатки за справување со трауматизирани ученици или ученици кои покажуваат ризично однесување. Овие јазови ја поткопуваат ефикасната примена на правната рамка и ја ограничуваат способноста на училиштата да функционираат како сигурна и заштитничка средина за децата.

Препораки за училишни психолози и педагози - давателите на прв одговор при РБН

Развивање и спроведување на основни и специфични обуки за РБН

- Воведување на структурирана основна обука за сите новоименувани училишни психолози и педагози која ги покрива основните поими за родово базирано насилство (РБН), насилство врз жени (НВЖ) и семејно насилство (СН).
- Обуката треба да вклучува насоки специфични за училиштата за препознавање знаци кај ученици кои може да се погодени од РБН, НВЖ и СН, и соодветен одговор.
- Објаснување на улогата на училишните професионалци во националниот систем за заштита, особено како први даватели на одговор и точки за упатување.

Зајакнување на капацитетите за правната рамка и подигнување на свеста за постојните протоколи

- Овозможување задолжителна обука за Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство, Истанбулската конвенција и други релевантни стандарди за човекови права, особено Конвенцијата за правата на детето.
- Вклучување на национални упатства како „Упатства за постапување при пријавување и заштита на ученик – жртва на било кој облик на насилство, злоупотреба и занемарување“.
- Организирање следечки сесии за поттикнување усогласеност со постојните протоколи, поради ниската свесност за нив.

Развивање и спроведување на обуки базирани на вештини и информирани за траума

- Спроведување обуки за практични вештини: комуникација со жртви, обработка на откритија, прва психолошка помош и справување со траума.
- Зајакнување на капацитетите за набљудување однесување и психосоцијална поддршка, особено кај деца чии родители се жртви или сторители на насилство.
- Развивање на стратегии за емоционална отпорност и самогрижа кај професионалци кои работат со чувствителни случаи. Обезбедувањето на вакви мерки исто така треба да биде поддржано од организациските структури.

Унапредување на меѓусекторска и меѓуинституционална соработка

- Организирање заеднички обуки со ЦСР, полиција и здравствени институции за координирано дејствување и подобро разбирање на улогите.
- Разјаснување на процедурите за споделување информации, улогата на училиштето во меѓусекторски тимови и стратегии за безбедно управување со случаи.
- Промовирање вкрстено учење преку симулации на случаи и рефлексивни сесии со други сектори.

Јакнење на превенцијата, свесноста и имплементацијата на протоколите

- Обука на училишниот кадар за спроведување на превентивни активности за РБН во училиштата, со вклучување на ученици, родители и заедницата.
- Посебна компонента за вклучување на момчиња и машки ученици, насочена кон промовирање на почитливи односи и спротивставување на РБН.
- Развивање на капацитети за образование за родова еднаквост и преиспитување на штетни родови норми и стереотипи.
- Јакнење на примената на внатрешните училишни протоколи и обезбедување обуки за нивна конзистентна примена.

Обезбедување рана идентификација и упатување на потенцијални сторители

- Воведување специјализирани обуки за препознавање рани знаци на сторителско однесување кај ученици (агресија, контрола, чувство на надмоќ, изложеност на семејно насилство).
- Опремување на професионалците со алатки за рана интервенција и структурирана комуникација со ученици во ризик, користејќи пристапи чувствителни на траума.
- Воспоставување јасни упатни патеки кон ЦСР или граѓански организации, како и поврзување со програми за менување однесување.
- Промоција на програми за здрави машки идентитети, емоционална регулација и почитливи односи.
- Поттикнување на соработка со ЦСР, здравство и граѓански сектор за холистички пристап во рана интервенција.

ЗА ПРИСТАП ДО ЦЕЛОТО ИСТРАЖУВАЊЕ "ПОСИГУРНА ИДНИНА: ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ПРЕВЕНЦИЈАТА ОД РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО ПРЕКУ ПРОФЕСИОНАЛНА ОБУКА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА" СКЕНИРАЈТЕ ГО QR КОДОТ!

ОВАА ПУБЛИКАЦИЈА Е ФИНАНСИРАНА ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА. НЕЈЗИНАТА СОДРЖИНА Е ЕДИНСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ НА ЛУДВИГ БОЛЦМАН ГЕСЕЛШАФТ – ИНСТИТУТ ЗА ФУНДАМЕНТАЛНИ И ЧОВЕКОВИ ПРАВА (LBI-GMR) И НЕ НУЖНО ГИ ОДРАЗУВА СТАВОВИТЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА.